Врз основа на член 21 став (2) од Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 83/09), а во врска со член 108 ставови (4) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/1, 116/14, 130/2014, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16,120/16 І 127/16), министерот за одбрана, донесе

***ПРАВИЛНИК***
***за дополнување нас Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје***

***Член 1***

Во Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, Бр. 01-381/1 од 23.05.2016 година, во член 4, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

На прв циклус на студии за родот авијација, на Академијата, на редовно школување може да се запише и кандидат кој на високообразовните институции од областа на техничко технолошките науки во Република Македонија или на Академијата стекнал најмалку 120 ЕКТС, доколку ги исполнува условите и критериумите пропишани со Законот за Воената академија, Законот за високото образование, Статутот на Воената академија и одредбите на овој правилник.

***Член 2***

По членот 63 се додава нов член 63-а, кој гласи:

„Член 63-а

Одредбите од членовите 45 до 63 на овој правилник, се применуваат и при запишувањето и изборот на кандитатите на прв циклус на студии за родот авијација, кои на високообразовните институции од областа на техничко технолошките науки во Република Македонија или на Академијата стекнал најмалку 120 ЕКТС.“

***Член 3***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

*Бр. 01-7144/1*
09-12-2016 *2016 година*
*Скопје*

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***Зоран Јолевски***